на располагање од аспект на логистика, ги доставиле картите електронски а ги имаат и во хартиена верзија локациите кои се предвидени од страна на проектот. Меѓутоа, сметаат дека дошло до недоразбирање и дека добро би било тоа во првична фаза од проектот да се дискутира за да се најде конкретно решение, но сметаат дека понатака во соработка со МЖСПП и локалната самоуправа и дел од проектниот тимот ќе се изнајде решение. Би сакале ова да влезе во записникот за јавна расправа бидејќи ова е еден од покруцијалните проблеми. Сите други концепти за регионализација им се добро познати и придобивките од таков тип на депонија ќе бидат многу големи, отколку што е сегашната ситуација. Запознаени се со што располага Р. Македонија сега, дека освен Дрисла која задоволува дел од техничките стандарди, сето друго е во вид на привремени депонии каде отпадот максимално не е адекватно третиран.

**Одговор: Г-н Кристос Цомпанидис**

Се заблагодари за укажаната можност да се разговара за ова. За да може ЕЛЕМ да покаже интерес да обезбеди земјиште за проектот, најпрвин треба да се докаже дека земјиштето е адекватно. Истакна дека доколку со оценката за влијание врз животната средина или преку испитувањето на земјиштето се покаже дека истото не е адекватно за изградба на депонија, тогаш нема причина да се бара од ЕЛЕМ да го обезбеди земјиштето. Сега сме во оваа фаза и, како што и Вие рековте, имате 6-6,5 ha активни во нашиот проект (22 ha). Познато Ви е дека разменуваме податоци за да видиме дали можеме да ги прилагодиме нашите решенија со Вашите проекти. Така што, генерално, Вие имате многу големо подрачје таму со многу проекти, при што се обидуваме заеднички да најдеме решение, разменуваме податоци, и како прв резултат во оваа област со ЕЛЕМ, и постојната депонија која не му припаѓа на ЕЛЕМ е адекватна постројка. Сега ќе треба да соработуваме за да го најдеме најдоброто решение за Одборот на ЕЛЕМ.

**Коментар: Љупчо Крстевски – ЈКП Пролетер Ресен**

Информираше дека во поглед на управувањето со органскиот отпад се понапред од Прилеп. Имаат компостара и околу ¼ од отпадот веќе се преработува во компост од околу 3000 м³ суровина се добива 2000 м³ готов производ. Посочи дека засега го немаат опфатено индивидуалниот сектор, туку опфатени се само колективните маркети и производствени капацитети и произведуваат компост.

**Одговор: Г-н Кристос Цомпанидис**

Истакна дека како и претходно кажал ги разгледавле сите планови и програми за управување со отпад во сите 9 општини. Во Вашиот план не забележавме дека во моментов имате активности за компостирање во Ресен. Ова е една од причините зошто се случува оваа јавна расправа. Така што, ако има такви активности тогаш доставете ни податоци и ќе ги вметнеме на крајот од процесот на консултации во ажурираната верзија на оценката за влијание врз животната средина, пред да биде испратена на финално одобрување. Нашиот тим ќе стапи во контакт со Вас за да ги добиеме тие податоци и да ги вметнеме.

По завршената дискусија, г-н Александар Петковски им се заблагодари на сите присутни и ја затвори јавната расправа во 14:15 часот.

Изготвил:
Д

Scanned by VueScan - get a free trial at www.hamrick.com